**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-451
27.12. **2021 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 92 став 1 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4279/1 од 24.11.2021 година и Заклучокот арх.бр.02-4602/5 од 24.12.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 38-та седница одржана на 24.12.2021 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 4-ти ноември 2021 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4279/1 од 24.11.2021 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗААВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗААВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗААВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗААВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 92 став 1 од ЗААВМУ, трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 24-ти ноември 2021 г., изврши вонреден по службена должност програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4-ти ноември 2021 г., на регионално ниво, при што констатираше прекршување на членот 92 став 1 од ЗААВМУ.

Со вонредниот надзор е констатирано дека на 4-ти ноември 2021 г., телевизискиот програмски сервис на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, емитуваше 3 часа 52 минути и 52 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е 20.41% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (19 часа и 52 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 4-ти ноември што влегува во пресметка за изворно создадена програма (19:00:52), е 5 часа 42 минути и 16 секунди. Телевизискиот програмски сервис на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, емитуваше за 1 час 49 минути и 24 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4279/1 од 24.11.2021 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗААВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје на 29.11.2021 г., испрати Допис наш Уп1 бр.10-4279/2 од 29.11.2021 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4279/1 од 24.11.2021 г., со цел во рок од 7 (седум) работни дена од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗААВМУ. Во предвидениот рок, ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 24.12.2021 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗААВМУ, а во врска со член 92 став 1 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4279/1 од 24.11.2021 г. и Заклучокот арх.бр.02-4602/5 од 24.12.2021 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗААВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 24.12.2021 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗААВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗААВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

______________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4279/1 од 24.11.2021 година.

Доставено до:
- -ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје;
- -Управителот на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје;
- -Одговорното лице на програмата во ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје;
- -Секторот за правни работи и јавни набавки;
- -Секторот за програмски работи и
- -Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), се доставува:

Примено: 24.11.2021
10 4279 1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 ноември 2021 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 24 ноември 2021 година

5. **Предмет на надзорот:**

- Член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%.)

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 ноември 2021 година, на регионално ниво, е **констатирано прекршување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%).

Со вонредниот надзор е констатирано дека на 4 ноември 2021 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, емитуваше 3 часа 52 минути и 52 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **20.41%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (19

часа и 52 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 4 ноември што влегува во пресметка за изворно создадена програма (19:00:52), е 5 часа 42 минути и 16 секунди. Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, емитуваше за 1 час 49 минути и 24 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, на 4 ноември 2021 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*